Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 02-536/3
02. 11. 2021 год./viti
Skup

Влада на Република Северна Македонија
- АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010,и 51/2011) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019 и 110/2019), врз основа на член 14 став 1 алинеја 19 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (,,Службен весник на Република Македониија,, бр.103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18) и директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот донесе:

Архивски знак. ______
Рок на чување. ______
______ 20 ___ год.
Потпис, ______

**ПРОЦЕДУРА**

**на следење на реализација на договори за јавни набавки**

**Член 1**

Со оваа процедура се утврдува постапката за следење и реализација на договорите за јавни набавки. Целта на оваа процедура е да се пропише начинот на постапување на административните службеници вработени во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот при следење на реализација на склучени договори за јавни набавки.

**Член 2**

Административниот службеник вработен во АППТ, за следење на реализација на конкретен договор за јавна набавка , врши прием на еден оргинал договор. Приемот се врши со потпишување на последната страна со датум и своерачен потпис.

**Член 3**

Административниот службеник по прием на договорот за следење на јавна набавка електронски или копија од истиот, задолжително го доставува до одделнието за финансиски прашања.

**Член 4**

По потреба, доколку во договорот за јавна набавка е назначено дека договорниот орган ќе го извести носителот на набавката за лицето кое е задолжено за комуникација со него во врска со реализација на договорот, одделнието за општо


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk

административни работи изготвува решние за номинација на лице за следење на договор (прилог 1) и во писмена форма или по електронски пат го известува носителот на набавката за одговорното лицето.

**Член 5**

За договорот за јавна набавка на стоки кои вклучува и услуги за нивно вградување (табли, знаци патокази, клинци и сл.), по добиеното известување од страна на Носителот на набавката дека е реализирана стоката/услугата, директорот носи Решение за формирање на комисија за реализација на договор за јавни набавки (прилог 2).Комисијата е должна во рок од 3 (три) дена од носење на Решението, да излезе на терен, да ја контатира фактичка состојба и да изготви записник .(прилог 3).

**Член 6**

Административниот службеник определен за следење на договорот и овластеното лице за превземање на финансиски обврски доколку се работи за сукцесивен договор, задолжително води евиденција во електронска форма за извршените испораки на стоки/услуги или работи, ја следи реализацијата на договорот според утврдената максимална вредност или количина и рокот на траење на договорот.(прилог 4).

**Член 7**

Административниот службеник за следење на договор, задолжително врши прием на набавката, задолжително проверува дали испорачаната стока или услуга- (предмет на договорот) е со ист квалитет и квантитет и дали се исполнети сите други услови кои се наведени во договорот.

**Член 8**

Доколку фактичката состојба е во согласност со договорот,административниот службеник за следење на договорот, до Одделнието за финансиски прашања задолжително доставува листа на проверка со следните документи:

- оргинал фактура

- копија од договор


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk

- Налог (барање) за извршување на услугата ( доколку во договорот не е поинаку дефинирано)
- како и други документи (решение, записник, извештај, известувања,фотографии) за кои смета дека се неопходни.

**Член 9**

Овластеноto лице за превземање на финансиски обврски комплетната докуметација од член 8 од овој правилник, ја проверува, ја одобрува и ја доставува до Одделението за финансиски прашања.
Доколку овластеното лице за превземање на финансиски обврски констатира одредени неправилности и недоследноци во документацијата, истата ја враќа на доработка или корекција до администативниот службеник за следење на договор.

**Член 10**

Доколку носителот на набавката не го испорача предметот на набавката во согласност со договорот, административниот службеник за следење на договор не ја потпишува испратницата за прием на стоката/услугата.
Доколку се јават било какви недостатоци, потешкотии или потенцијален застој при реализација на договорот, административниот службеник за следење на договор задолжително писмено го известува непосредно претпоставениот, Овластеното лице за превземање на финансиски обврски, директорот и носителот на набавката со укажување на истите.

**Член 11**

Административниот службеник за следење на договорот, за секоја завршена реализација на договор задолжително го известува одделнието за финансии, непосредно претпоставениот и директорот на АППТ.


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk

**Член 12**

Административниот службеник за следење на договорот е должен на барање на непосредно претпоставениот, Овластеното лице за превземање на финансиски обврски, директорот да достави извештај со степен на реализација на предметниот договор.

Административниот службеник за следење на договорот за потребите од изготвување на извештај со степен на реализација на предметниот договор, задолжително треба да изврши проверка и усогласување со Одделението за финансики прашања.

**Член 13**

Оваа процедура стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

**Директор**

**д-р. Љупчо Јаневски**


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk

Прилог 1)

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010,и 51/2011) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019 и 110/2019), врз основа на член 14 став 1 алинеја 19 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (,,Службен весник на Република Македониија,, бр.103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18) и директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот донесе:

**РЕШЕНИЕ**

за лице за следење на реализација на договор за јавни набавки

Директор

Изработил



Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија

Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk

Прилог 2)

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010,и 51/2011) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019 и 110/2019), врз основа на член 14 став 1 алинеја 19 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот („Службен весник на Република Македониија,, бр.103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18) и директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот донесе:

**РЕШЕНИЕ**

за формирање на Комисија за реализација на договор за јавни набавки

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Директор


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија

Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk

Прилог 3)

**ЗАПИСНИК БРОЈ.........................................**

**од одржан состанок на Комисијата за реализација на договор за јавни набавки за.....................................................................................................................................**
**на ден............................................................во.............................................................**

**Членови на комисија за реализација на договор за јавни набавки во состав:**
**1.......................................................... ( претседател)**
**2.......................................................... (член)**
**3............................................................(член)**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**Потпис**

**1.......................................................... ( претседател)**
**2.......................................................... (член)**
**3............................................................(член)**


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk

Прилог 4)

| Р. Б | Број и датум на нарачка | Број и датум на испорака/испратница | Број и датум на фактурата | Износ на фактурата без ДДВ | ДДВ | Вкупен износ со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk